Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ–ЈУНИ, 2023 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 15-216/1 | Алија Камбероски<br>[име и презиме] |
| Датум: | 11.07.2023 | в. д. директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје (м.п.) | [потпис] |

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
DREJTORIA PËR SIGURI NGA REZATIMI
Скопје - Shkup

## Резиме

Согласно член 35 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" 102/19), Дирекцијата за радијациона сигурност го подготви извештајот за работата на одделението за инспекциски надзор за периодот од Јануари – Јуни 2023 година.

Извештајот, согласно Правилникот за формата и содржината на шестмесечниот извештај, дава приказ за управувањето со ризиците односно нивната реализација.

Во првото шестмесечие од 2023 година , инспекторите извршиле 83 редовни, 20 контролни и 10 вонредни инспекциски надзори што покажува целосна реализација на месечните планови за конкретниот период. Од аспект на планираните нерегуларности, во наведениот период констатирана е намалена реализација со констатирање на нерегуларности кај 16 правни субјекти.

Во првата половина од 2023 година, Одделението за инспекциски надзор претрпе измена во однос на организацијата и структурата. Во одделението со прераспеделба започна со работа помлад инспектор за координација .

Специјализираните обуки кои беа планирани за првата половина од 2023 година, успешно беа реализирани. Специјализирани обуки кои беа одржани во наведениот период беа од областа на: Управување со отпад, подготвеност и одговор во случај на вонредни настани.

Во првата половина од 2023 година, буџетот кој беше испланиран за финансирање на активностите на Одделението за инспекциски надзор беше обезбеден од Буџетот на Република Северна Македонија и од самофинансирачката сметка на Дирекцијата. Буџетот, овозможи непречена работа на Одделението а инспекциски надзор.

Меѓународната соработка , во првата половина од 2023 година имаше доста активности како состаноци со експерти од Меѓународната Агенција за Атомска Енергија(МААЕ) , учество во работата со РАКВИАК-центар за соработка на сигурносни работи во југоисточна Европа, активна соработка со регулаторните тела од регионот.

Инспектор од Дирекцијата спроведуваше активности за подготовка на европска работилница за отпочнување со информативен систем за рагулаторни тела( РАИС +), на која што Република Северна Македонија имаше улога на домаќин, а во улага на организатор беше МААЕ.

Со своите активности на меѓународен план, Дирекцијата со посредство на инспекторите врши усогласување на своето законодавство со европското и со тоа придонесува во реализација на стратешките цели на Владата на Република Северна Македонија – усогласување со европското законодавство во интерес на евроинтеграциските процеси.

Покрај вршењето на инспекциски надзори, инспекторите како вработени се вклучени во одредени, како интерни така и меѓуинституционални комисии и работни тела каде активно се вклучени во работата на истите.

Со извршената анализа на работата на инспекторите за радијациона сигурност за првото шестмесечие, во извештајот е констатирана е потреба од подетална анализа на ризик

кај правните лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење со вклучување на анализата на нивното работење во претходните години.

## Управување со ризици

Реализацијата на претпоставените ризици кои послужија како основа за подготовка на Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор, .

Во периодот од јануари до јуни, согласно извршената анализа на ризик кај сите правни субјекти кои се предмет на инспекција од страна на инспекторите за радијациона сигурност, испланирани се 72 редовни, 28 контролни и 12 вонредни инспекциски надзори.

Од аспект на степенот на ризик, дистрибуцијата на планираните инспекциски надзори кај правните лица, е следна:

- Висок степен на ризик – 42,
- Среден степен на ризик – 34 и
- Низок степен на ризик – 24.

  Вонредните 12 инспекциски надзори не беа класифицирани според коефициентот на сложеност.

Согласно анализата на ризик за истиот период, предвидено е констатирање на 32 неправилности, и тоа:

- работа без дозвола, кај 31 правни субјекти и
- работа без извршени мониторинг на работната средина и тестови на контрола на квалитет, кај 1 правен субјект.

Според податоците од работата за периодот јануари – јуни, инспекторите извршиле 83 редовни, 10 вонредни и 20 контролни инспекциски надзори, кои од аспект на степенот на ризик биле извршени кај:

- Правни лица со висок степен на ризик – 49
- Правни лица со среден степен на ризик -38
- Правни лица со низок степен на ризик – 26

Од аспект на ризиците, инспекторите при вршењето на инспекциски надзори, констатирале неправилности кај 26 правни субјекти и тоа:

- работа без дозвола, кај 25 правни субјекти,
- работа без извршен мониторинг на здравствената состојба кај 1 правен субјект и

Врз основа на тоа, може да се констатираат дека предвидените ризици од аспект на бројот на неправилностите кои се очекувало да бидат констстирани и врз основа на кои се испланирани надзорите за 2023 година не се во целост реализирани.

## Организација и раководење

Дирекцијата за радијациона сигурност има статус на правно лице со кое раководи директор назначен од Владата, кој за својата работа одговара пред истата.

Во рамките на Дирекцијата функционираат 5 одделенија и тоа

- Одделение за човечки ресурси (1 вработен),
- Одделение за нормативно- правни работи и меѓународна соработка (2),
- Одделение за сметководствени работи(0),
- Одделение за дозволи, мониторинг и вонредни настани (2) и
- Одделение за инспекциски надзор (3).

Одделението за инспекциски надзор брои два инспектори за радијациона сигурност, со звање советник инспектор и 1 помлад инспектор за координација. Нивното работење е самостојно и во отсуство на раководител на одделението, за својата работа одговараат пред директорот на Дирекцијата. Двата инспектори се во старосна граница од 51 до 60 години и не ги исполнуваат условите за пензионирање, помладиот инспектор е во старосна граница до 40 години.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за радијациона сигурност, предвидени се 4 работни позиции и тоа:

- 1 раководител на Одделение за инспекциски надзор,
- 2 советници инспектори и
- 1 помлад инспектор за координација.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор зарадијациона сигурност] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | | 2 | | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 1 | | | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 3 |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

| Вид | Инспектор за радијациона сигурност | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Инспекциски надзор

Согласно Годишниот план за 2023 година, Одделението за инспекциски надзор има испланирано да изврши вкупно 207 инспекциски надзор, од кои 170 редовни, 28 контролни и 12 вонредни надзори, а согласно извршената анализа на ризик, планирано е да се констатираат неправилности кај 28 правни лица- кои со својата работа се уште не се усогласени со законските прописи.

Во првото шестмесечје од 2023 година, инспекторите за радијациона сигурност, извршиле вкупно 121 инспекциски надзори од кои 83 редовни, 20 контролни и 8 вонредни инспекциски надзори и констатирале 26 неправилности кај правните лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење и тоа:

- Кај 25 правни лица – работа без дозвола,
- Кај 1 правно лица – работа без извршен мониторинг на здравствената остојба .

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 |
| 1 | Велес | | | 0 | | |
| 2 | Градско | | | | 0 | 0 |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | 0 |
| 5 | Лозово | | | | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| 7 | Росоман | | | | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | 0 |
| 9 | Чашка | | | | 0 | 0 |
| | Источен регион | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 10 | Берово | | | | 0 | 0 |
| 11 | Виница | 1 | | | 1 | 0 |
| 12 | Делчево | | | | 0 | 0 |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | 0 |
| 15 | Кочани | | | | | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | |
| 18 | Пробиштип | | | | | 0 |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | 0 |
| 20 | Штип | 1 | | | 1 | 0 |
| | Југозападен регион | 10 | 0 | 1 | 11 | 2 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | 1 | | | | 0 |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | 2 | | | | 0 |
| 25 | Македонски Брод | 1 | | | | 0 |
| 26 | Охрид | 5 | | 1 | 6 | 2 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | 0 |
| 28 | Струга | 1 | | | | 0 |
| 29 | Центар Жупа | | | | | 0 |
| | Југоисточен регион | 12 | | 3 | 15 | 3 |
| 30 | Богданци | | | | | 0 |
| 31 | Босилово | | | | 0 | 0 |
| 32 | Валандово | 1 | | | 1 | 1 |
| 33 | Василево | | | | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 4 | | 1 | 5 | |
| 35 | Дојран | 1 | | | 1 | 0 |
| 36 | Конче | | | | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | 0 |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | 0 |
| 39 | Струмица | 6 | | 2 | 8 | 2 |
| | Пелагониски регион | 10 | | 1 | 11 | 4 |
| 40 | Битола | 4 | | | 4 | 1 |
| 41 | Демир Хисар | | | | | 0 |
| 42 | Долнени | | | | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редове н надзор | Вонред. надзор | Контрол . надзор | | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | 0 |
| 44 | Крушево | | | | | 0 |
| 45 | Могила | | | | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | | | | 0 | 0 |
| 47 | Прилеп | 6 | | 1 | 7 | 3 |
| 48 | Ресен | | | | | 0 |
| | Полошки регион | 5 | 1 | 2 | 8 | 2 |
| 49 | Боговиње | 1 | | | 1 | 0 |
| 50 | Бревеница | | | | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | | | | 0 | 0 |
| 53 | Желино | | | | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 1 | 1 | | 2 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 1 | | | 1 | 0 |
| 56 | Теарце | | | | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | 2 | | 2 | 4 | 2 |
| | Североисточен регион | 3 | 1 | | 4 | 1 |
| 58 | Кратово | | | | | 0 |
| 59 | Крива Паланка | | | | | 0 |
| 60 | Куманово | 3 | 1 | | 4 | 1 |
| 61 | Липково | | | | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | 0 |
| | Скопски регион | 41 | 6 | 13 | 60 | 13 |
| 64 | Аеродром | 4 | | 2 | 6 | 2 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | | | | 0 | 0 |
| 67 | Гази Баба | 4 | | | 4 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 2 | | | 2 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | 2 | 1 | | 3 | |
| 71 | Карпош | 11 | 3 | 3 | 17 | 3 |
| 72 | Кисела Вода | 4 | | 2 | 6 | 2 |
| 73 | Петровец | | | | | |
| 74 | Сарај | | | | | |
| 75 | Сопиште | | | | | |
| 76 | Студеничани | | | | | |
| 77 | Центар | 12 | 1 | 5 | 17 | 5 |
| 78 | Чаир | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | | |
| | ВКУПНО | 83 | 8 | 20 | 121 | 26 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Во првата половина од 2023 година, инспекторите за радијациона сигурност не реализирале ниту една генеричка обука.

Специјализираните обуки, кои во најголем број ги организира Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), заради пандемијата, во поголем број се одложени на неодредено време, заради неможноста да се излегува надвор од границите на земјата.

Во втората половина од 2023 година, во рамки на специјализираните обуки кои ги организира МААЕ, инспекторите од Дирекцијата учествувале на следните обуки:

- Школа за драфтирање на правилници, 28. 01 -3.02. 2023Виена, Австрија,
- Длабинско складирање на радиоактивни извори, 15-19 Мај.2023, Шарм Ел Шеик, Египет
- Тренинг курс за зајакнување на Апликацијата на принципите на радијациона заштита за контрола на изложеноста на населението,од продукти за широка потрошувачка 25-27. 04.2023, Душанбе, Таџикистан ,
- Инспекторирање на подготвеноста за вонредни настани 22-26.05.2023, Аман, Јордан
- Раквиак – Регионална работилница за Нуклеарна безбедност и откривање - архитектура, дизајн, стратегија и планирање, 24- 28 Април 2023, Загреб;
- Регионална работилница за развој и употреба на геополимери како матрица за радиоактивен отпад, 29.05-02.06, Хусинец-Реж, Чешка,

## Буџет и финансирање

Одделението за инспекциски надзор, како внатрешна организациона единица на Дирекцијата, користи средства од буџетот на Дирекцијата. Вкупните приходи на Дирекцијата потекнуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и самофинансирачките активности (издавањето на лиценци и дозволи).

Дополнителна табела 1 Преглед на реализација на буџетот во прво полугодие од 2023 година

| Ставки | Приходи од буџет | Приходи од самофинансирање | Вкупно приходи | Вкупна реализација(расходи) |
|---|---|---|---|---|
| Основни плати | 722.200,00 | 0,00 | 722.200,00 | 722.200,00 |
| Придонеси за социјално осигурување | 151.560,00 | 0,00 | 101.560,00 | 101.560,00 |
| Патни и дневни расходи | 60.000,00 | 150. 000,00 | 210.000,00 | 110.000,00 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 195.000,00 | 185.000,00 | 380.000,00 | 170.000,00 |
| Материјали и ситен инвентар | 40.000,00 | 80.000,00 | 120.000,00 | 32.000,00 |
| Вкупно | 1.168.760,00 | 415.000,00 | 1.583.760,00 | 1.185.760,00 |

Во горната табела даден е приказ на приходите и реализираните расходи од страна на Одделението за инспекциски надзор во првата половина од 2023 година.

Планирањето на буџетот на Дирекцијата за радијациона сигурност, по воспоставена пракса се врши на ниво на Дирекција, а распределувањето на средствата не е строго одредено по одделенија. Одделението за инспекциски надзор има на располагање доволно средства за нормално функционирање и извршување на работните задачи, односно за покривање на трошоците за:

- гориво,
- патарини,
- одржување на моторните возила,
- калибрација на опремата за детекција,
- непречено работење на опремата за детекција ( батерии),
- компјутер со принтер,
- записници, решенија,
- вршење на индивидуален мониторинг на инспекторите како професионално изложени лица,
- здравствен мониторинг.

## Меѓународна соработка

Дирекцијата за радијациона сигурност одржува и развива богата меѓународна соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија, Европската комисија, Амбасадата на САД во Република Северна Македонија и регулаторните тела од соседните земји, која во најголема мера се реализира преку Одделението за инспекциски надзор.

Во првата половина на 2023 година, меѓународната соработка се реализираше преку состаноци кои беа организирани онлајн преку webex конференциски врски, и со состаноци со физичко присуство. Во рамките на меѓународната соработка во првото шестмесечие од 2023 година инспекторите ги реализираа следните активности:

- состанок за размена на информации за имплементација на "Code of Conduct" за безбедност и сигурност на радиоактивните извори како и имплементација на Водичот за увоз и извоз на радиоактивни извори и за постапување со искористени радиоактивни извори, 29 Мај-02 Јуни, Виена, Австрија

- состанок за преглед на Законот за заштита од јонизирачко зрачење со експерти од МААЕ, Март, Виена, Австрија

- Заедничкиот 8 и 9ти состанок за преглед на Конвенцијата за нуклеарна сигурност, 20-24.03.2023, Виена

Инспекторите за радијациона сигурност се контакт точки од РСМ и активни учесници на следните проекти организирани од страна на Меѓународната Агенција за Атомска Енергија(МААЕ) кои се однесуваат на:

- INT 9186 – управување со радиоактивни извори од создавањето до нивното складирање;
- RER 9154 –јакнење на менаџментот/управувањето со радиоактивен отпад;

- RER 9184/MED-NET – јакнење на безбедноста при транспорт на радиоактивен материјал за медитеранските земји;
- RER 9158 – јакнење на капацитетите на регулаторните структура за радијациона безбедност
- RER 7014- Регулаторна рамка за мониторингот на животната средина и проценка на радијационата заштита;

Инспекторите од Дирекцијата се и контакт лица за спроведување на Конвенциите кои ги има потпишано нашата фржава со МААЕ со цел зголемување на радијационата безбедност и нуклеарна сигурност:

- Контакт лице на РСМ за Здружената конвенција за безбедно управување со потрошено нуклеарно гориво и радиоактивен отпад;
- Контакт лице на РСМ за Конвенцијата за физичка заштита,
- Контакт лице за Конвенцијата за рано пријавување и асистирање во случај на вонредни настани и инциденти.
- Контакт лице за учество во меѓународните вежби кои се одржуваат во рамките на Конвенциите - ConvEx вежби.
- Контакт лице на РСМ за мрежата за размена на информации за недозволена трговија со радиоактивен и нуклеарен материјал;
- Контакт лице на РСМ за Кодексот на однесување со радиоактивен и нуклеарен материјал;

Контакт лице на РСМ за Интерпол Европа со седиште во Лион;

## Други активности на инспекциската служба

Во првата половина од 2023 година, инспекторите за радијациона сигурност, покрај вршењето на инспекциски надзори и активности кои се однесуваат на надзорот над спроведувањето на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконската регулатива беа вклучени и во останатите активности на Дирекцијата со цел нејзино нормално функционирање.

Други/останати активности во кои инспекторите беа активно вклучени во првото шестмесечие од 2023 година беа:

- Член во Комисијата за уништување на архивска градба.
- Лице одговорно за давање на информации од јавен карактер,
- Претседател и член во Комисија за попис на основните средства, ситен инвентар и парични средства во благајна недвижни ствари во Дирекцијата.
- Лице одговорно за давање на информации од јавен карактер
- Член на работна група за преговарачко поглавје 12- Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.

## Заклучоци и препораки

По извршената анализа на работата на Одделението за инспекциски надзор во првата половина на 2023 година, се констатира дека постојат извесни отстапувања во однос на планираните и констатираните со инспекциски надзори и неправилности (неусогласеност со законската регулатива). Отстапувањата се делумно резултат на погрешна проценка, а делумно и од менување на изборот на планирани правни лица за инспекциски надзор.

Со цел поуспешна реализација и што помали отстапувања помеѓу планираните и реализираните активности во работата на Одделението за инспекциски надзор, се препорачува подлабока и посериозна анализа на ризиците кај правните лица и се разбира анализа на нивната работа во однос на почитување на законските прописи во претходните години. Секако и доследното спроведување на претходно донесените планови ќе придонесе за подобрување на реализацијата на ризиците како појдовна основа во подготовката на Годишниот план.